## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на точка 10 став 4 од Одлуката за кредитот во крајна инстанца („Службен весник на Република Македонија" бр. 74/15), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**Листа на коефициенти на покритие на инструментите за обезбедување на кредитот во крајна инстанца**

1. Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) при одобрувањето кредит во крајна инстанца утврдува коефициенти на покритие за следните инструменти за обезбедување:
   - должнички хартии од вредност; и
   - други инструменти за обезбедување (побарувања на банките од клиенти).

2. Коефициентите на покритие, разграничени според видот на инструментите за обезбедување и преостанатиот рок до достасување, изнесуваат:

<table>
<tr><td rowspan="2">Вид инструменти за обезбедување</td><td colspan="6">Коефициенти на покритие</td></tr>
<tr><td>до 3 месеци</td><td>над 3 до 12 месеци</td><td>над 12 месеци до 3 години</td><td>над 3 до 5 години</td><td>над 5 до 10 години</td><td>над 10 до 15 години</td></tr>
<tr><td>хартии од вредност издадени од Народната банка</td><td rowspan="3">1.01</td><td rowspan="3">1.05</td><td rowspan="3">1.15</td><td rowspan="3">1.20</td><td rowspan="3">1.40</td><td rowspan="3">1.50</td></tr>
<tr><td>хартии од вредност издадени или обезбедени со гаранција од Република Македонија</td></tr>
<tr><td>хартии од вредност издадени од кој било друг орган на државната власт во Република Македонија, јавни претпријатија и јавни установи во Република Македонија, трговски друштва основани од Република Македонија или во кои Република Македонија е доминантен сопственик, органите на општините во Република Македонија, општините на Градот Скопје и Градот Скопје</td></tr>
<tr><td>хартии од вредност издадени од други централни влади, јавни институции во други земји, локална самоуправа и регионална власт на други земји, мултилатерални развојни банки и меѓународни организации</td><td colspan="6">според коефициентите на покритие што ги објавува Европската централна банка</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2">до 12 месеци</td><td colspan="3">над 12 месеци до 7 години</td><td>над 7 до 15 години</td></tr>
<tr><td>други инструменти за обезбедување (побарувања на банката од клиенти)</td><td colspan="2">1.20</td><td colspan="3">1.50</td><td>2.50</td></tr>
</table>

3. Износот на инструментите за обезбедување, кои се користат за обезбедување на одобрените парични средства, се пресметува по следнава формула:

- за должнички хартии од вредност:

$$\text{вредност на должнички хартии од вредност} = \frac{\text{одобрени парични средства} * \text{коефициент на покритие} * 100}{\text{цена на должнички хартии од вредност}}$$

- за други инструменти за обезбедување (побарувања на банката од клиенти):

$$\text{вредност на побарувања} = \text{одобрени парични средства} * \text{коефициент на покритие}$$

При утврдувањето на вредноста на хартиите од вредност во странска валута и на хартиите од вредност со девизна клаузула се применува и средниот курс од Курсната листа на Народната банка.

4. По одобрувањето на кредитот во крајна инстанца со должнички хартии од вредност, Народната банка ја следи вредноста на хартиите од вредност на редовна основа, според пазарните цени.

Пазарни цени се цените објавени на електронските информативни системи за меѓународните финансиски пазари, односно цените објавени на „Македонската берза на хартии од вредност" АД Скопје или реализирани на пазарите преку шалтер.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, доколку со хартиите од вредност не се тргува на секундарниот пазар или последните остварени цени отстапуваат значително од тековните пазарни движења, Народната банка има право да утврди теоретска цена за вреднување со примена на соодветна методологија за вреднување.

5. По одобрувањето на кредитот во крајна инстанца, со други инструменти за обезбедување (побарувања на банката), Народната банка ја следи сметководствената вредност на побарувањата (без да се намали за акумулираната амортизација и исправката на вредноста или ефектите од промената на објективната вредност).

6. Доколку соодносот помеѓу вредноста на сите инструменти за обезбедување и одобрените парични средства се намали под утврдените коефициенти на покритие, Народната банка има право да побара покритие во парични средства или во соодветни инструменти за обезбедување.

Народната банка применува минимален износ за барање на покритие во висина од 0,1% од одобрените парични средства.

7. Оваа листа влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 17548**
**14 мај 2015 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**на Народната банка на Република Македонија**
**Димитар Богов**